СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес

Излегува по потреба

Број 21 година LIV

14 декември 2018 година

Бр. 339

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување наОдлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2018 година

Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2018 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 13.12.2018 година.

Број 08-6358/1
14.12.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за Буџети (Сл.Весникна РМ бр.64/2005; 04/2008; 156/2009; 95/2010; 180/2011; 171/2012) Советот на општина Велес на 25 седница одржана на 13.12.2018 година донесе:

О Д Л У К А

за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ВЕЛЕС

за 2018 година

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ВЕЛЕС за 2018 година на следниот начин :

Потпрограма Потставка		БУГЕТ	САМОФИН.	ДОТАЦИИ	ДОНАЦИИ	КРЕДИТИ
N10	**ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**					
401130	Основни плати - други вработени	0	0	-3.764.870	0	0
401310	Персонален данок на доход од плата	0	0	-251.869	0	0
402110	Основни придонеси за ПИО	0	0	-975.598	0	0
402210	Основни придонеси за здравство	0	0	-401.433	0	0
402220	Основен придонес за професионално заболувањ	0	0	-17.448	0	0
402310	Основни продонеси до Агенцијата за вработувањ	0	0	-68.368	0	0
421110	Електрична енергија	0	0	313.999	0	0
421220	Дрва	0	0	30.000	0	0
421240	Течни горива	0	0	2.327.992	0	0
423110	Канцелариски материјали	0	0	100.000	0	0
424210	Одржување на згради	0	0	1.461.931	0	0
425760	Превозни услуги во образованието	0	0	1.103.664	0	0
426410	Објавување на огласи	0	0	142.000	0	0
N20	**СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ**					
401130	Основни плати - други вработени	0	0	-1.820.704	0	0
401310	Персонален данок на доход од плата	0	0	-167.669	0	0
402110	Основни придонеси за ПИО	0	0	-569.922	0	0
402210	Основни придонеси за здравство	0	0	-162.166	0	0
402220	Основен придонес за професионално заболувањ	0	0	-6.808	0	0
402310	Основни продонеси до Агенцијата за вработувањ	0	0	-18.728	0	0
421240	Течни горива	0	0	100.000	0	0
424210	Одржување на згради	0	0	40.000	0	0
425760	Превозни услуги во образованието	0	0	2.555.997	0	0
425990	Други договорни услуги	0	0	0	16.482	0
426410	Објавување на огласи	0	0	50.000	0	0
426990	Други оперативни расходи	0	0	0	-16.482	0
		0	**0**	**0**	**0**	**0**

Бр. 25-6344/2
13.12.2018
Велес

Претседател на Советот на Општината
Душко Петров

Бр. 340

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување наОдлука за учество во проект финансиран од Бирото за регионален развој при Министерството за локална самоуправа на Република Македонија – Програма за рамномерен регионален развој за 2019 година

Се објавува Одлуката за учество во проект финансиран од Бирото за регионален развој при Министерството за локална самоуправа на Република Македонија – Програма за рамномерен регионален развој за 2019 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 13.12.2018 година.

Број 08-6358/2
14.12.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 5/02) член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06,13/09,18/10,15/14 и 15/18), и член 145 од Деловникот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06,03/09, 18/10), а во согласност со Програмата за рамномерен регионален развој за 2019 година на Бирото за регионален развој при Министерството за локална самоуправа на Република Македонија,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 13.12.2018 година, ја донесе следнава

О Д Л У К А
за учество во проект финансиран од Бирото за регионален развој при Министерството за локална самоуправа на Република Македонија – Програма за рамномерен регионален развој за 2019 година

Член 1

Со оваа Одлука, Општина Велес обезбедува учество во реализација на проектот „Водоснабдување во индустриска зона „Мамутчево“ финансиран од Бирото за регионален развој при Министерството за локална самоуправа на Република Македонија – Програма за рамномерен регионален развој за 2019 год.

Член 2

Општина Велес ќе го реализира проектот согласно утврдената временска рамка, најдоцна до 31.12.2019 година.

Член 3

За реализација на проектот од Бирото за регионален развој ќе биде обезбедена финансиска поддршка во висина од 9.663.076 денари**.**

Член 4

Учеството на Општина Велес е 5.468.057, денари средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Велес за 2019 година, по потпишувањето на договорот за реализација на проектот.

Член 5

Општина Велес ќе го имплементира проектот во соработка со Центарот за развој на Вардарски плански регион.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-6344/3
13.12.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

Бр. 341

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување наОдлука за начин на искористување на средства од Гранд доделен од Светска банка преку Министерството за финансии за добро завршен проект

Се објавува Одлуката за начин на искористување на средства од Гранд доделен од Светска банка преку Министерството за финансии за добро завршен проект, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 13.12.2018 година.

Број 08-6358/3
14.12.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 5/02) член 45 став 1 од Статутот на ОпштинаВелес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06,13/09,18/10,15/14 и 15/18), и член 145 од Деловникот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06,03/09, 18/10)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 13.12.2018 година, ја донесе следнава

О Д Л У К А
ЗА НАЧИН НА ИСКОРИСТУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ГРАНТ ДОДЕЛЕН ОД СВЕТСКА БАНКА ПРЕКУ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ ЗА ДОБРО ЗАВРШЕН ПРОЕКТ

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес се обврзува, средствата одобрени од страна на Светска Банка и Министерството за финансии, Општина Велес да ги искористи за проектот „Реконструкција на кровот на средното техничко училиште „Јовче Тесличков“.

Член 2

Подготовката на документацијата за овој проект ќе ја изврши Општина Велес по што ќе ја поднесе апликацијата за одобрување и реализација на проектот.

Член 3

Средствата потребни за реализација на проектот во износ од 3.090.454 треба да бидат обезбедени од страна на донаторот, додека 1.759.700 денари треба да бидат обезбедени од страна на Општина Велес. Средствата од Општина Велес ќе се обезбедат од Буџетот за 2019 година кои ќе се предвидат по потпишување на договорот за финансирање на проектот.

Член 4

Во случај на одобрување на проектната документација, Општина Велес ќе го реализира проектот во текот на 2019 година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник“ на Општина Велес.

Број 25-6344/4
13.12.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

Бр. 342

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување наОдлука за избор на талентирани ученици студенти кои добиваат стипендија за учебната 2018/2019 година

Се објавува Одлуката за избор на талентирани ученици студенти кои добиваат стипендија за учебната 2018/2019 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 13.12.2018 година.

Број 08-6358/4
14.12.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10 , 15/14 и 15/18), а согласно член 11, од Деловникот за работа на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 11/11) и член 11 од Правилникот за условите, критериумите и начинот на доделување на стипендии на талентирани ученици и студенти во Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 20/18) иГодишна програма за работа на Комисијата за стипендирање на талентираниученици и студенти на Советот на Општина Велес за 2018/2019 година(„Сл.гласник на Општина Велес“ 20/18),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 13.12.2018 година, донесе

О Д Л У К А
за избор на талентирани ученици студенти кои добиваат стипендија за учебната 2018/2019 година

Член 1

Со оваа Одлука се врши избор на талентирани ученици и студенти кои добиваат стипендија за учебната 2018/2019 година, согласно Правилникот за условите, критериумите и начинот на доделување на стипендии на талентирани ученици и студенти во Општина Велес на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес.

1.За ученици стипендијанти за учебната 2018/2019 година се избираат:

Реден бр.	Ученици
1.	Љубица Филипова
2.	Стојан Илиевски
3.	Александар Манев
4.	Анастасија Андовска
5.	Симона Андовска
6.	Христијан Киров

2.За студенти стипендијанти за учебната 2018/2019 година се избираат :

Реден бр.	Студенти
1.	Надица Шкрекова
2.	Сандра Ташковска
3.	Изабела Апцева
4.	Ирена Христова
5.	Маја Костадиновска
6.	Панче Петрески
7.	Марија Мијакова
8.	Тања Илиевска

Член 2

Висината на стипендијата за талентираните ученици од член 1 на оваа Одлука изнесува 1.500,00 денари месечно, 9 (девет) месеци во текот на учебната 2018/2019 година.

Висината на стипендијата за талентираните студенти од член 1 на оваа Одлука изнесува 2.000,00 денари месечно, 9 (девет) месеци во текот на учебната 2018/2019 година.

Член 3

Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Велес, и истите ќе се исплатат на два дела и тоа првиот дел во оваа учебна година, а вториот дел во наредната учебна година.

Член 4

Стипендијата ќе биде исплатена на посебна трансакциона сметка на секој корисник на стипендија, по потпишувањето на договорот.

Член 5

Се задолжува Градоначалникот на Општина Велес со секој од стипендијантите да склучи посебен договор во кој ќе бидат регулирани начинот на исплата на стипендијата како и другите права и обврски што стипендијантите ги имаат кон Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес.

Член 6

Наративниот извештај на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес, согласно спроведениот Конкурс е составен дел на оваа Одлука.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето, во „Службен гласник на Општина Велес“

Број 25-6344/5
13.12.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

Бр. 343

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување наОдлука за давање на времено користење на простории од објекти на здруженија, фондации и сојузи од Општина Велес

Се објавува Одлуката за давање на времено користење на простории од објекти на здруженија, фондации и сојузи од Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 13.12.2018 година.

Број 08-6358/5
14.12.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 10, а во согласност со член 64, став 3 од Законот за локалната самоуправа (“Сл. весник на РМ” бр. 5/02), член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес” бр.12/06,13/09,18/10, 15/14и 15/18), а во согласност со Правилникот за користење на простории сопственост на Општина Велес од страна на здруженија, фондации и сојузи од Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес” бр. 05/15, 11/18)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 13.12.2018 година, донесе

О Д Л У К А
за давање на времено користење на простории од објекти на здруженија, фондации и сојузи од Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука на здруженија, фондации и сојузи од Општина Велес им се дава на времено користење простории од недвижен имот во кои ќе ги извршуваат своите активности согласно регистрираната дејност, а врз основа на распишан јавен повик со бр.25-4546/1.

Член 2

Простории на времено користење од недвижен имот сопственост на Општина Велес се доделува на:

1.Просторија од објект на улица „Трајко Панов“ бр.22 на КП бр.2405, заведен во ИЛ 23410 за КО Велес на:

- Урбана заедница „Димче Мирчев“
- Извидnички одред-„Димитар Влахов“ просторија евидентирана како ДП 1 со површина од 12 м^2, ипросторија со површина од 10 м^2, како објект 2 од КП 2405;
- Еколошко друштво „Вила Зора”-Велес просторија евидентирана како ДП 7 со површина од 11 м^2;
- Друштво на родители за грижа на здраво поколение-Велес просторија евидентирана како ДП 2 со површина од 9 м^2;
- Здружение на граѓани младински образовен форум-Скопје и Здружение Центар на активни граѓани АКТИВО, Велес просторија евидентирана како ДП – 8 со површина од 9 м^2;
- Фондација за локален развој и демократија Фокус,Велес просторија евидентирана како ДП 5, со површина од 11 м^2;
- Спортско здружение КАЈАК-КАНУ АРКА БОРЕЦ-Велес просторија на КП бр.2405, евидентирана како објект бр. 3 со површина од12м^2.

2. Просторија од објект на улица „11 Октомври“ бр.5 на КП бр.6795, заведен во ИЛ 30545 за КО Велес на:

- Урбана заедница „Алексо Демниевски Бауман“,
- Здружение на граѓани Макробиотика Зафиров Велес, просторија евидентирана како ДП 4, со површина од 7 м^2;
- Меѓуопштинско Здружение на лица со телесен инвалидитет на општина Велес Чашка и Градско-МОБИЛНОСТВелес просторија евидентирана како ДП 1, со површина од 48 м^2;

3. Просторија од објект на улица „Тодор Јанев“ бр.7А , на КП бр.6645, заведен во ИЛ 25069 за КО Велес на:

- Урбана заедница „9 ти Ноември“;
- Здружение на граѓани-Градски шаховски клуб-Велес, просторија евидентирана како -голема сала;
- Здружение за заштита на човековите права на прогонетите од егејскиот дел на Македонија-Sвезда,Велес, просторија евидентирана како ДП-1 , со површина од 12м^2;
- Здружение на бранители-учесници во воениот конфликт 2001-2002 година,Велес просторија евидентирана како ДП 2 со површина од 9 м^2.

4.Просторија од објект на улица „ Благој Ѓорев “ бр.35 А на КП бр.1916, заведен во ИЛ 31456 за КО Велес на:

- Урбана заедница „Трајче Панов“;
- Организација на жените на Општина Велес, просторија евидентирана како ДП 2 со површина од 7 м^2;
- Здружение на спортски риболовци БАБУНА-Велес просторија евидентирана како ДП 3 со површина од 42м^2;
- Здружение на граѓани Кинолошко ВИЛА ЗОРА-КАНИС,Велес просторија евидентирана како ДП 1 со површина од 9 м^2 ;

5. Просторија од објект на улица „Архиепископ Михаил“ 156, на КП 5736, заведен во ИЛ 31457 за КО Велес на:

- Урбана заедница „Славе Петков“;
- Здружение на лица со церебрална парализа, просторија евидентирана како ДП 1, со површина од 47м^2 ;
- Здружение на граѓани Ресурсен Центар на родители на деца со посебни потребипросторија евидентирана како ДП 2, со површина од 15 м^2 ;

6. Просторија од објект на улица „Димитар Влахов“ бр.57,на КП 2831, заведен во ИЛ 29431, за КО Велес на:

- Урбана заедница „Богдан Каракостев“
- Општинска организација на Сојузот на борците од НОБ на Македонија 1941-1945 и граѓаните продолжувачи Велес, просторија на 3 кат евидентирана како ДП 5 со површина од 11 м^2 и ДП6 со површина од 10 м^2;
- Визија-Центар за научна фантастика на македонија,Велес просторија на кат 3, евидентирана како ДП 9, со површина од 11 м^2;
- Здружение за естрадни уметници,магионичари и илузионисти Маги Магнус Студио-ММС,Велес, просторија евидентирана како ДП -10, со површина од 11 м^2 ;
- Здружение БАЛКАНСКИ МУЗИЧАРИ ЦЕНТАР-Велес просторија евидентирана како ДП-11 со површина од 11 м^2, сала;
- Здружение Јени Хајат Ќупурли 2000, просторија евидентирана како ДП-1 со површина од 17 м^2, сала;
- Здружение „Ќупурли Дернеги“ просторија евидентирана како ДП-7 со површина од 11 м^2, сала;

7. Просторија од објект на улица „Цар Самоил“ бр.1 на КП бр.4810, заведен во ИЛ 31419 за КО Велес на:

- Здружение за инвалидски пензионери на Општина Велес просторија на приземје евидентирана како ДП 2, со површина од 10 м^2;
- Здружение на дијабетичари ,,Шеќерче Лилипоп”-Велес просторија на кат-1, евидентирана како ДП 10, со површина од 31м^2;
- Здружение на граѓани „Разбој“ просторија на кат1 евидентирана како ДП 1 со површина од 9 м^2;
- Планинарско друштво „Бабуна“ просторија на кат 2, евидетнирана како ДП 2 со површина од 9 м^2;
- Еколошка групација Грин Пауер-Велес, просторија евидентирана како ДП 1 со површина од 18м^2;
- Здружение на СПОРТСКИ ВЕТЕРАНИ-ВЕЛЕС,просторија евидентирана на кат1 како ДП 11, со површина од 17 м^2.

8. Здружение за безбедност на вода и планина Македонски спасител,Велес просторија од објект на ул. „Алексо Демниевски Бауман“ бр.10 ,сала „Гемиџии“

Член 3

Просториите утврдени во член 2 на оваа Одлука се даваат на времено користење од 3 години без надоместок. Доколку во објектот каде се користат просториите од здруженијата има заеднички простории (ходници, скалила, санитарии, чајна кујна и сл.), должни се истите да ги користат и одржуваат заедно по куќен ред.

Член 4

Здруженијата се обврзуваат редовно да ги подмируваат сметките за комунални трошоци (струја, вода и др.) и тековно да го одржува просторот.

Член 5

При користењето на просторијата, корисникот не смее да дозволи да има користење на истата од други лица без согласност на сопственикот.

Член 6

За времето користење на просторот од објектот утврден во член 2 на оваа Одлука, помеѓу Општината Велес и Здруженијата ќе се склучат Договори во кои ќе биде опишана просторијата како и правата и обврските помеѓу договорните страни.

Член 7

Се задолжува Градоначалникот на Општина Велес да ги склучи овие договори.

Записникот на Комисијата за распределба на простории сопственост на Општина Велес на невладини организации, здруженија на граѓани и фондации е составен дел на оваа Одлука.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-6344/6
13.12.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

Бр. 344

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес"бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување Програмаза изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на локалниот економски развој во 2019 година

Се објавува Заклучокот за донесување Програмаза изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на локалниот економски развој во 2019 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 13.12.2018 година.

Број 08-6358/6
14.12.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл весник на РМ" бр.5/02) член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" 12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18) и член 145 од Деловникот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" 12/06, 03/09, 18/10)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 13.12.2018 година донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програмаза изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на локалниот економски развој во 2019 година

1. Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на локалниот економски развој во 2019 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“, а ќе се применува од 01.01.2019 година.

Број 25-6344/7
13.12.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-рДушко Петров с.р

Врз основа на член 22, став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) член 45, став 1 од Статутот на Општината Велес(„Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09, 18/10,15/14 и 15/18)и и член 145 од Деловникот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06,03/09, 18/10)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 13.12.2018 година ја донесе следната:

ПРОГРАМА
за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на локалниот економски развој во 2019 година

1. Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа локалниот економски развој во 2019 година („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.19/18), се вршат следните изменувања и дополнувања:

- Изменување и дополнување во:Точка 4 АКТИВНОСТИ И ВРЕМЕНСКА РАМКА 2019 каде во табелата на активности се бришат следните точки:

- Табела „Активности“ ред бр. 3 „АФПЗРР МЕРКА 321-Реализација на проект за изградба на локален пат до с.Сливник“.
- Табела „Активности“ ред бр. 4 „АФПЗРР МЕРКА 322-Реализација на проект за изградба на улици во с.Сливник во должина од 1км“.
- Табела „Активности“ ред бр. 5 „АФПЗРР МЕРКА 323-Реализација на проект за изградба на локален пат до локалитет „Пешти“.
- Табела „Активности“ ред бр. 6 „Проект за локална и регионална конкурентност – Реализација на проект за Смарт езеро „Младост“.

- Изменување и дополнување во:Точка БУЏЕТ каде во табелата од буџетот се бришат следните точки:

- Точка ред. бр. 3 „АФПЗРР МЕРКА 321-Реализација на проект за изградба на локален пат до с.Сливник“, заедно со износите во колоните од истата точка кои се однесуваат на средствата предвидени во: ОПШТИНА ВЕЛЕС, НАДВОРЕШНИ ФОНДОВИ и ВКУПНО.
- Точка ред. бр. 4 „АФПЗРР МЕРКА 322-Реализација на проект за изградба на улици во с.Сливник во должина од 1км, заедно со износите во колоните од истата точка кои се однесуваат на средствата предвидени во: ОПШТИНА ВЕЛЕС, НАДВОРЕШНИ ФОНДОВИ и ВКУПНО.
- Точка ред. бр. 5 „АФПЗРР МЕРКА 323-Реализација на проект за изградба на локален пат до локалитет „Пешти“, заедно со износите во колоните од истата точка кои се однесуваат на средствата предвидени во: ОПШТИНА ВЕЛЕС, НАДВОРЕШНИ ФОНДОВИ и ВКУПНО.
- Точка ред. бр. 6 „Проект за локална и регионална конкурентност – Реализација на проект за Смарт езеро „Младост“, заедно со износите во колоните од истата точка кои се однесуваат на средствата предвидени во: ОПШТИНА ВЕЛЕС, НАДВОРЕШНИ ФОНДОВИ и ВКУПНО.

- Изменување и дополнување во:Точка БУЏЕТ каде во табелата од буџетот се изменува точката ВКУПНО односно:
- Колона бр. 3 (ОПШТИНА ВЕЛЕС МКД) износот 23.876.207 се заменува со 10.200.000.
- Колона бр. 4 (НАДВОРЕШНИ ФОНДОВИ МКД) износот 103.153.351 се заменува со 2.800.000
- Колона бр. 3 (ВКУПНО) износот 127.029.558 се заменува со 13.000.000

1. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“ а ќе се применува од 01.01.2019година.

Број 25-6344/7
13.12.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

Бр. 345

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување Програмаза изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2019 година

Се објавува Заклучокот за донесување Програмаза изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2019 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 13.12.2018 година.

Број 08-6358/7
14.12.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл весник на РМ“ бр.5/02) член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18) и член 145 од Деловникот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09, 18/10)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 13.12.2018 година донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програмаза изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2019 година

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2019 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“, а ќе се применува од 01.01.2019 година.

Број 25-6344/8
13.12.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-рДушко Петров с.р

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/02) член 46, став 1 од Законот за градежно земјиште (“Сл. весник на РМ” бр. 15/15, 44/15 и 98/15, 193/15, 226/15, 30/16, 31/16, 142/16 и 190/16), а согласно Правилник за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Сл. весник на РМ” бр. 193/16), член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес (“Сл. гласник на Општина Велес” бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14 и 15/18) и член 145 од Деловникот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09, 18/10)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 13.12.2018 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2019 година

1.Во Програмата за уредување на градежното земјиште на просторот на Општина Велес за 2019 година („Службен гласник на Општина Велес” бр.19/18,) се вршат следните изменувања и дополнувања:

во табелата Расходи,

Вкупниот износ од 167.950.000,00 денари се брише и се заменува со **117.500.000,00 денари**

програма Ф – Урбано планирање износот 19.700.000 ден. се брише и се заменува со 16.100.000,00 ден;

- **подпрограма Ф20 – Уредување на градежно земјиште** износот 4.400.000,00 се брише и се заменува со 3.100.000,00 ден.;
- точка 1 – Надзор на изведба на градежни објекти во износот 1.200.000,00 ден. се брише и се заменува со 800.000,00 ден;
- точка 2 – Геодетски услуги (протоколи, нумерички и ажурирани пологи) износот 1.500.000,00 ден. се брише и се заменува со 1.000.000,00 ден;
- точка 3 – Геомеханички испитувања износот 1.000.000,00 ден. се брише и се заменува со 700.000,00 ден;
- точка 4 – Изработка на проектна документација за санација на мост кај Башино село износ од 700.000,00 ден. се брише и се заменува со 600.000,00 ден;
- **подпрограма Ф30 – Уредување на простор во рурални подрачја** износот 4.000.000,00 ден. се брише и се заменува со 3.000.000,00 ден.;

- точка 1 – с.Оризари, с. Башино село, с.Црквино, Сојаклари, с. Караслари, с.Иванковци и др. износот 4.000.000,00 ден. се брише и се заменува со 3.000.000,00 ден;
- **подпрограма ФА0 – Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци)** износот 11.300.000,00 ден. се брише и се заменува со 10.000.000,00 ден.;
- точка 1 – Изработка на студии, инвестиционо техничка документација, проектирање на објекти од високо и ниско градба, паркинзи, катни гаражи, сообраќајни студии и др. износот 6.000.000,00 ден. се брише и се заменува со 5.000.000,00 ден;
- точка 2 – Изработка на инвестиционо техничка документација за идејно решение за мост кој ќе го поврзува градот со Населба Речани и надвозник кон градскиот парк износот 800.000,00 ден. се брише и се заменува со 500.000,00 ден;

- **програма J– Комунални дејности** износот148.250.000,00 ден. се брише и се заменува со 101.400.000,00 ден;
- **подпрограма J00 – Одржување на урбана опрема** износот 2.000.000,00 ден. се брише и се заменува со 1.200.000,00 ден.;
- точка 1 – Фарбање на столбчиња, парапети , канделабри и огради износот 500.000,00 ден. се брише и се заменува со 200.000,00 ден;
- точка 2 – Одржување на разна урбана опрема износот 1.500.000,00 ден. се брише и се заменува со 1.000.000,00 ден;
- **подпрограма JH0 – Урбана опрема (капитални расходи)**износот 5.400.000,00 ден. се брише и се заменува со 2.700.000,00 ден.;
- точка 1 – Набавка на урбана опрема износот 1.000.000,00 ден. се брише и се заменува со 600.000,00 ден;
- точка 2 – Ракохвати и огради износот 800.000,00 ден. се брише и се заменува со 500.000,00 ден;
- точка 3 – Видиковци износот 600.000,00 ден. се брише и се заменува со 100.000,00 ден;
- точка 4 – Одржување на украсни фонтани во град Велес износот 2.000.000,00 ден. се брише и се заменува со 1.500.000,00 ден;
- точка 5 – Набавка и монтажа на смарт урбана опрема износот 1.000.000,00 ден. се брише во целост;
- **подпрограма J10 – Снабдување со вода** износот 1.500.000,00 ден. се брише и се заменува со 700.000,00 ден.;
- точка 1 – Одржување на водоводни линии во населени места на територија на општина Велес и превземање на потребните активности за доведување во состојба на бактериолошка исправност на селските водоводиизносот 1.000.000,00 ден. се брише и се заменува со 500.000,00 ден;
- точка 2 –Интервентно водоснабдување во населени места износот 500.000,00 ден. се брише и се заменува со 200.000,00 ден;
- **подпрограма JГ0 – Изградба на системи за водоснабдување** износот 11.100.000,00 ден. се брише и се заменува со 2.000.000,00 ден.;
- точка 4 – Инвестициони активности во водоводни системи на територија на Општина Велес - изградба на нови линии (реконструкции на постоечки линии во износ од 30.028.956 денари се од средства на ЈКП Дервен) износот 11.100.000,00 ден. се брише и се заменува со 2.000.000,00 ден;
- **подпрограма J20 – Одведување и пречистување на отпадни води** износот 2.000.000,00 ден. се брише и се заменува со 1.000.000,00 ден.;
- точка 1 – Чистење на канали за атмосферска канализација износот 1.000.000,00 ден. се брише и се заменува со 500.000,00 ден;
- точка 2 – Одржување на фекална канализација на територија на Општина Велес износот 1.000.000,00 ден. се брише и се заменува со 500.000,00 ден;
- **подпрограма JИ0 – Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води** износот 9.000.000,00 ден. се брише и се заменува со 3.600.000,00 ден.;
- точка 1 – Изведба на краци од фекална канализација на територија на Општина Велес (со средства на ЈКП Дервен ќе се реконструираат линии во вредност од 3.305.945 денари) износот 6.000.000,00 ден. се брише и се заменува со 2.000.000,00 ден;
- точка 2 – Изведба на краци за фекална канализација во с. Отовица со ставање во употреба на изведена линија износот 1.000.000,00 ден. се брише и се заменува со 500.000,00 ден;
- точка 5 – Изведба на канали за прифаќање на атмосверски води на улица Пајак Планина, улица Љубљанска и др. износот 1.000.000,00 ден. се брише и се заменува со 600.000,00 ден;
- точка 6 – Пренесување на проект на терен за реализација на ободни канали во високите зони на град Велес со чистење и осигурување на траси износот 1.000.000,00 ден. се брише и се заменува со 500.000,00 ден;

- **подпрограма J30 – Јавно осветлување** износот 19.500.000,00 ден. се брише и се заменува со 18.700.000,00 ден.;
- точка 2 – Одржување на јавно осветлување износот 2.500.000,00 ден. се брише и се заменува со 2.200.000,00 ден;
- точка 5 – Новогодишно украсување износот 1.000.000,00 ден. се брише и се заменува со 900.000,00 ден;
- точка 6 – Замена на постојни со економични светилки износот 500.000,00 ден. се брише и се заменува со 300.000,00 ден;

-
- точка 7 – Дислокација на ормари надвор од трафостаница износот 500.000,00 ден. се брише и се заменува со 300.000,00 ден;
- **подпрограма ЈА0 – Изградба на јавно осветлување** износот 7.750.000,00 ден. се брише и се заменува со 5.100.000,00 ден.;
- точка 2 – Реконструкција на мрежа (пратење на изградба на мрежи од страна на ЕВН) износот 750.000,00 ден. се брише и се заменува со 500.000,00 ден;
- точка 3 – Осветлување на Индустриска зона Речани 2 износот 400.000,00 ден. се брише и се заменува со 300.000,00 ден;
- точка 4 – Проширување на мрежа во населени места износот 500.000,00 ден. се брише и се заменува со 300.000,00 ден;
- точка 5 – Изведба на ново мерно место износот 500.000,00 ден. се брише и се заменува со 300.000,00 ден;
- точка 6 – Осветлување на Индустриска зона УЗУС износот 400.000,00 ден. се брише и се заменува со 300.000,00 ден;
- точка 7 – Изведба на улично осветлување во сателитска населба на Ез. Младост износот 400.000,00 ден. се брише и се заменува со 300.000,00 ден;
- точка 8 – Зафати во мрежа и сервисирање на енергетска подршка за организација на културно забавни и спортски манифестации износот 300.000,00 ден. се брише и се заменува со 100.000,00 ден;
- точка 10 – Осветлување на потегот од нас. Шорка до с. Башино Село износот 1.000.000,00 ден. се брише во целост;
- точка 11 – Реконструкција на мрежата за улично осветлување на ул.Благој Ѓорев (над касарната до излезот на градот) износот 1.000.000,00 ден. се брише и се заменува со 500.000,00 ден;

-
- **подпрограма Ј60 – Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режимот на сообраќај** износот 20.000.000,00 ден. се брише и се заменува со 10.000.000,00 ден.;
- точка 1 – Прередување на камени коцки износот 1.000.000,00 ден. се брише во целост;
- точка 2 – Бетонирање на улици – интервентно износот 2.000.000,00 ден. се брише и се заменува со 1.000.000,00 ден;
- точка 3 – Бетонирање на потпорни ѕидови – интервентно износот 2.000.000,00 ден. се брише и се заменува со 1.000.000,00 ден;
- точка 5 – Редовно одржување - непредвидени работи износот 3.000.000,00 ден. се брише и се заменува со 2.000.000,00 ден;
- точка 6 – Одржување на хоризонтална и вертикална сигнализација износот 3.000.000,00 ден. се брише и се заменува со 2.000.000,00 ден;
- точка 7 – Чистење на банкини на локални патишта и улици на територија на Општина Велес (Чистење и одржување на патен и заштитен појас на општинските патишта и улици) износот 2.000.000,00 ден. се брише и се заменува со 1.000.000,00 ден;
- точка 8 – Отстранување на последици од елементарни непогоди износот 1.000.000,00 ден. се брише и се заменува со 500.000,00 ден;
- точка 10 – Одржување и реконструкција на локални патни правци на територија на Општина Велес износот 1.000.000,00 ден. се брише и се заменува со 500.000,00 ден;
- точка 11 – Превземање на активности за обележување, поставување на табли и др за СУМП износот 2.000.000,00 ден. се брише во целост;

- **подпрограма ЈД0 – Изградба и реконструкција на локални патишта и улици** износот 21.200.000,00 ден. се брише и се заменува со 14.200.000,00 ден.;
- точка 1 –Реконструкција на улици на територијата на Општина Велес со бетонирање износот од 3.000.000,00 се брише и се заменува со 2.000.000,00 ден .
- точка 2 –Реконструкција на улици на територијата на Општина Велес со асфалтирање , износот од 4.000.000,00 се брише и се заменува со 3.000.000,00 ден
- точка 4 - Изведба на потпорни ѕидови , износот од 2.000.000,00 се брише и се заменува со 1.000.000,00 ден
- точка 5 - Интервентно санирање на нестабилни карпести блокови од страна на граѓани и изведба на заштитни потпорни ѕидови и интервентно бетонирање на улици , износот од 1.000.000,00 се брише и се заменува со 500.000,00 ден
- точка 6 – Пробивање на пристапна улица под градски базен, износот од 2.000.000,00 се брише и се заменува со 1.000.000,00 ден.
- точка 7 - Изградба и поставување на автобуски постројки во градот и населените места , износот од 300.000,00 се брише и се заменува со 200.000,00 ден
- точка 8 - Изградба на нов сообраќаен режим и крстосници на територија на Општина Велес (кружна раскрница на Алексо Демниевски спој со Наум Наумовски Борче, ново сообраќајно решение на улица Моша Пијаде спој со Андон Шурков и ул. Илинденска спој со Димитар Влахов)износот од 4.000.000,00 се брише и се заменува со 3.000.000,00 ден.
- точка 9- Изведба на тротоари на територија на општина Велес - , износот од 2.000.000,00 се брише и се заменува со 1.000.000,00 ден
- точка 11- Санирање на карпести блокови на улица Димко Најдов, износот од 1.000.000,00 се брише и се заменува со 800.000,00 ден

- точка 12 - Реконструкција на патен премин на Стар мост, износот од 600.000,00 се брише и се заменува со 500.000,00 ден
- точка 13 - Тампонирање на пристапен пат од Порцеланова до село Горно Оризари, износот од 300.000,00 се брише и се заменува со 200.000,00 ден.

- **подпрограма ЈФ0 - Изградба на сообраќајна сигнализација, износот од 500.000 ден се брише и се заменува со 300.000,00 ден**
- Точка 1 - поставување на легнати полицајци , износот од 500.000 ден се брише и се заменува со 300.000,00 ден.

- **Подпрограма ЈМ0 - Паркови и зеленило (капитални расходи) износот од 3.000.000 ден се брише и се заменува со 1.500.000,00 ден.**
- точка 1 –Уредување на простори пред згради и реконструкција на зелени површини износот од 2.000.000,00 се брише и се заменува со 1.000.000,00 ден.
- точка 2 –Уредување на паркови и подигнување на нови зелени површини, износот од 1.000.000,00 се брише и се заменува со 500.000,00 ден.

- **Подпрограма Ј80 - Други комунални услуги износот од 2.500.000 ден се брише и се заменува со 1.400.000,00 ден.**
- точка 1 –Рушење на бесправно изградени објекти, износот од 500.000,00 се брише и се заменува со 300.000,00 ден.
- точка 2 –Рушење на стари објекти склони на паѓање, износот од 1.000.000,00 се брише и се заменува со 500.000,00 ден.
- точка 3 –Санација на карпи, износот од 500.000,00 се брише и се заменува со 300.000,00 ден.
- точка 4 –Рамина, износот од 500.000,00 се брише и се заменува со 300.000,00 ден.

- **Подпрограма ЈЛ0 - Други комунални услуги (капитални расходи) износот од 10.800.000 ден се брише и се заменува со 5.000.000,00 ден.**
- точка 1 –Инфраструктура во Индустриски зони и Сателитска Населба (асфалтирање на улици во ИЗ УЗУС, улици во сателитска населба Езеро Младост и др.), износот од 6.000.000,00 се брише и се заменува со 1.000.000,00 ден.
- точка 6 –Санирања на оштетувања на Кеј на река Вардар, износот од 1.000.000,00 се брише и се заменува со 200.000,00 ден.
- после точка 6 се внесува нова подпрограма ЈЛА

- **Подпрограма ЈЛА - Други комунални услуги (капитални расходи) со износ од 4.000.000,00 ден.**
- точка 1 –Инфраструктура во Индустриски зони и Сателитска Населба (асфалтирање на улици во ИЗ УЗУС, улици во сателитска населба Езеро Младост и др.), со 4.000.000,00 ден.

- **Подпрограма ЈЕ0 - Изградба на простор за паркирање износот од 4.000.000 ден се брише и се заменува со 2.000.000,00 ден.**
- точка 1 –Изградба на паркинг простор во Општина Велес со изведба на катни гаражи (Љубљанска, Раштани, во централно градско подрачје и др.), износот од 4.000.000,00 се брише и се заменува со 2.000.000,00 ден.

2.Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”, а ќе се применува од 01.01.2019 година.

Број 25-6344/8
13.12.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

Бр. 346

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување Програмаза изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа назаштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управувањето со кризи во 2019 година

Се објавува Заклучокот за донесување Програмаза изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управувањето со кризи во 2019 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 13.12.2018 година.

Број 08-6358/8
14.12.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл весник на РМ“ бр.5/02) член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18) и член 145 од Деловникот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09, 18/10)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 13.12.2018 година донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програмаза изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управувањето со кризи во 2019 година

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управувањето со кризи во 2019 година

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“, а ќе се применува од 01.01.2019 година.

Број 25-6344/9
13.12.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

Врз основа на член 22, точка 10 и 11 од Законот за локалната самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 5/02), член 5 од Законот за пожарникарството („Сл. весник на РМ“ бр. 67/04, 81/07,55/13, 158/14, 193/15 и 39/16) член 2 од Законот за управување со кризи („Сл. весник на РМ“ бр.29/05, 36/11, 41/14, 104/15 и 39/16), член 4, став 2 од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на РМ“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15 и 106/16), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09,18/10,15/14 и 15/18), и член 145 од Деловникот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06,03/09, 18/10)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 13.12.2018година, донесе

П Р О Г Р А М А
за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управување со кризи во 2019 година

1.Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управувањето со кризи во 2019 („Службен гласник на Општина Велес“ бр.19/18) се врши изменување и дополнување и тоа:

Во глава „III. Финансирање“ во табеларниот преглед во ред. број 1 „плати и надоместоци од плати“ во ставка-наменска се додава износот„20.711.000“ и во делот вкупно се додава износот „20.711.000“.

Понатаму во реден број 2 „Комунални услуги, греење, комуникации и транспорт“ износот „1.620.000“, се брише и се заменува со износот „1.240.000“, и во делот вкупно износот „1.620.000“, се брише и зе заменува со износот „1.240.000“.

Во делот „Вкупно“ доле во табелата во колона ставка –наменска се внесува износот „20.711.000“, во колона буџетска износот „5.380.000“ се брише и се заменува со „5.000.000“, и во колона вкупно износот „5.380.000“, се брише и се заменува со износот„25.711.000“.

2..Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“ а ќе се применува од 01.01.2019година.

Број 25-6344/9
13.12.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

Бр. 347

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување Програмаза изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштита на животната средина во 2019 година

Се објавува Заклучокот за донесување Програмаза изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштита на животната средина во 2019 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 13.12.2018 година.

Број 08-6358/9
14.12.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл весник на РМ“ бр.5/02) член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18) и член 145 од Деловникот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09, 18/10)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 13.12.2018 година донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програмаза изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштита на животната средина во 2019 година

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштита на животната средина во 2019 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“, а ќе се применува од 01.01.2019 година.

Број 25-6344/10
13.12.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

Врз основа на член 22, точка 1 став 2 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес бр. 12/06, 03/09,18/10,15/14 и 15/18)и член 145 од Деловникот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09, 18/10)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 13.12.2018 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа назаштитата на животната срединаво 2019 година

1.Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата животната средина во 2019 („Службен гласник на Општина Велес“ бр.19/18) се врши изменување и дополнување и тоа:

-Во глава „II. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА, во табеларниот преглед во колона Р10 „**Заштита на животната средина и природа**“, износот од „6.454.000“, се брише и се заменува со износ од „2.754.000“.

Понатаму во точка 1„Анализа на квалитет на животна средина“ износот„350.000“ се брише и се заменува со износ од „ 300.000“.

Во точка 2 „Проектна документација за животна средина “ износот„150.000“ се брише и се заменува со износ од „ 100.000“.

Точката 5 „Реализација на мерки од План за квалитет на амбиентниот воздух“, се брише во целост, потоа точка 6, станува точка 5.

Во точка 6 „Набавка на материјал за хортикултурно уредување “ износот„2.154.000“ се брише и се заменува со износ од „1.554.000“.

-Во колона РА0 „**Заштита на животната средина и природа(капитални раходи)**“, износот од „9.000.000“, се брише и се заменува со износ од „8.000.000“.

Понатаму во точка 2 „Подигнување на нови зелени површини и уредување на запуштени залени површини-согласно Програма за подигнување на нови зелени површини“, износот од „4.000.000“, се брише и се заменува со износ од „3.000.000“.

Во колона Вкупно: износот од „15.454.000“, се брише и се заменува со износ од „10.754.000“.

2.Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“ а ќе се применува од 01.01.2019година.

Број 25-6344/10
13.12.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

Бр. 348

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување Програмаза изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на информатичката технологија (ИТ) во 2019 година

Се објавува Заклучокот за донесување Програмаза изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на информатичката технологија (ИТ) во 2019 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 13.12.2018 година.

Број 08-6358/10
14.12.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл весник на РМ“ бр.5/02) член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18) и член 145 од Деловникот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09, 18/10)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 13.12.2018 година донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програмаза изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на информатичката технологија (ИТ) во 2019 година

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на информатичката технологија (ИТ) во 2019 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“, а ќе се применува од 01.01.2019 година.

Број 25-6344/11
13.12.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

Врз основа на член 22, став 1 точка 13 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општината Велес(„Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09, 18/10,15/14 и 15/18), и член 145 од Деловникот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06,03/09, 18/10)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 13.12.2018 година ја донесе следната:

ПРОГРАМА
за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на информатичката технологијаво 2019 година

1.Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа информатичката технологија во 2019 година („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.19/18), се вршат следните изменувања и дополнувања во табеларниот преглед, каде во точка 6 „Изработка и надградби на ИТ систем (надградби на инфрастуктура, системи и податоци, адаптација на апликации или сервиси од трети лица)“, во колона предвидени средства износот „1.150.000“ се брише и се заменува со износ од „350.000“.

-Точка 9 „Набавка на услуги ГИС инфраструктура за Општина Велес (ВЕБ АПЛИКАТИВНО РЕШЕНИЕ ЗА ИНТЕГРИРАНО УПРАВУВАЊЕ СО ПРОСТОРНА ИНФРАСТРУКТУРА)“ се брише во целост.

1.Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“ а ќе се применува од 01.01.2019година.

Број 25-6344/11
13.12.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

Бр. 349

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување Програмаза изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областана културата во 2019 година

Се објавува Заклучокот за донесување Програмаза изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2019 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 13.12.2018 година.

Број 08-6358/11
14.12.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл весник на РМ“ бр.5/02) член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18) и член 145 од Деловникот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09, 18/10)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 13.12.2018 година донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програмаза изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2019 година

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2019 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“, а ќе се применува од 01.01.2019 година.

Број 25-6344/12
13.12.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/22), член 7, точка 3 од Законот за културата („Сл. весник на РМ“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09,18/10,15/14 и 15/18) и член 145 од Деловникот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06,03/09, 18/10)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 13.12.2018 година ја донесе следната

ПРОГРАМА
за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2019 година

1.Со оваа Програма се вршат следните изменувања и дополнувања во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2019 година:

Во глава I МАНИФЕСТАЦИИ

Во ставката со реден бр.1 „56ти Рацинови средби“, во колона Предвидени средства – Министерство за култура“ износот „250.000“ се заменува со „0“ и во колоната „вкупно“ износот „750.000“ се заменува со „500.000“.

Во ставката со реден бр.2 „ Moto beach party Мото бич парти“, во колона Предвидени средства – Општина Велес“ износот „100.000“ се заменува со „50.000“ и во колоната „вкупно“ износот „100.000“ се заменува со „50.000“.

Во ставката со реден бр.4 „Велес ФЕСТ Велешко културно лето (промоции на книги, изложби, концерти на отворено и др. културни содржини)“, во колона Предвидени средства – Општина Велес“ износот „600.000“ се заменува со „500.000“ и во колоната „вкупно“ износот „600.000“ се заменува со „500.000“.

Во ставката со реден бр.5 „XVII Фестивал на античка драма „Стоби“, во колона Предвидени средства – Министерство за култура“ износот „300.000“ се заменува со „0“, во колона Предвидени средства – Општина Велес“ износот „1.000.000“ се заменува со „500.000“ и во колоната „вкупно“ износот „1.300.000“ се заменува со „500.000“.

Во ставката со реден бр.6 „Меѓународна скулпторска колонија “, во колона Предвидени средства – Министерство за култура“ износот „100.000“ се заменува со „0“ и во колоната „вкупно“ износот „500.000“ се заменува со „400.000“.

Ставката со реден бр.7 „Меѓународен филмски фестивал на словенски филмови“ во целост се брише.

Ставката со реден бр.8 „ Детски младински театар “ во целост се брише.

Во ставката со реден бр.9 „Фестивал на питите и виното „Велешка питијада““, во колона Предвидени средства – Општина Велес“ износот „200.000“ се заменува со „500.000“ и во колоната „вкупно“ износот „200.000“ се заменува со „500.000“.

Во ставката со реден бр.10 „ Обновување на Дувачки оркестар ““, во колона Предвидени средства – Општина Велес“ износот „120.000“ се заменува со „80.000“ и во колоната „вкупно“ износот „120.000“ се заменува со „80.000“.

Во ставката со реден бр.11 „9ти Ноември – Ден на Општина Велес“, во колона Предвидени средства – Општина Велес“ износот „500.000“ се заменува со „300.000“ и во колоната „вкупно“ износот „500.000“ се заменува со „300.000“.

Во ставката со реден бр.13 „Денови на Кемал Ататурк“, во колона Предвидени средства – Општина Велес“ износот „100.000“ се заменува со „80.000“ и во колоната „вкупно“ износот „100.000“ се заменува со „80.000“.

Во ставката со реден бр.15 „Изложба на домашни и странски уметници“, во колона Предвидени средства – Општина Велес“ износот „150.000“ се заменува со „100.000“ и во колоната „вкупно“ износот „150.000“ се заменува со „100.000“.

Во ставката со реден бр.16 „Промоција на книги на домашни и странски автори “, во колона Предвидени средства – Општина Велес“ износот „150.000“ се заменува со „100.000“ и во колоната „вкупно“ износот „150.000“ се заменува со „100.000“.

Во ставката со реден бр.17 „ Презентација на велешката култура во земјата и странство “, во колона Предвидени средства – Општина Велес“ износот „200.000“ се заменува со „100.000“ и во колоната „вкупно“ износот „200.000“ се заменува со „100.000“.

Во ставката со реден бр.18 „Одбележување на Нова Година – новогодишна свеченост, доделување награди “, во колона „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „200.000“ се заменува со „100.000“ и во колоната „вкупно“ износот „200.000“ се заменува со „100.000“.

Во позицијата Вкупно, во колона Предвидени средства – Министерство за култура“износот „750.000“ се заменува со „0“, во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „6.230.000“ се заменува со „4.520.000“ и во колоната „вкупно“ износот „6.980.000“ се заменува со„4.520.000“.

Во позицијата ВКУПНО,глава I МАНИФЕСТАЦИИво колоната „вкупно“ износот „6.980.000“ се заменува со„4.520.000“.

*Поради бришење на двете ставки, останатите ставки по редниот број 9 се запишуваат со два пониски аритметички броја.

Во глава II ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИ

Во ставката со реден бр.1 „Поддршка на граѓански организации од областа на културата “, во колона Предвидени средства – Општина Велес“ износот „1.000.000.“ се заменува со „700.000“ и во колоната „вкупно“ износот „1.000.000“ се заменува со „700.000“.

Во ставката со реден бр.2 „Негување на културата, традицијата и обичаите на заедниците“, во колона Предвидени средства – Општина Велес“ износот „300.000“ се заменува со „200.000“ и во колоната „вкупно“ износот „300.000“ се заменува со „200.000“.

Во ставката со реден бр.3 „Учество во партнерски проекти со граѓански организации “, во колона Предвидени средства – Општина Велес“ износот „300.000“ се заменува со „200.000“ и во колоната „вкупно“ износот „300.000“ се заменува со „200.000“.

Во позицијата Вкупно, во колона „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „1.700.000“ се заменува со „1.200.000“ и во колоната „вкупно“ износот „1.700.000“ се заменува со„1.200.000“.

Во позицијата ВКУПНО,глава II ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИво колоната „вкупно“ износот „1.700.000“ се заменува со„1.200.000“.

Во глава III ИНВЕСТИЦИИ

Во ставката со реден бр.1 „Адаптација на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ во Младински креативен центар“, во колона Предвидени средства – Општина Велес“ износот „500.000.“ се заменува со „300.000“ и во колоната „вкупно“ износот „500.000“ се заменува со „300.000“.

Ставката со реден бр.2 „Изградба на нова Локална библиотека“ се брише во целост.

Во ставката со реден бр.4 „Пренесување на моштите на Панко Брашнар“, во колона Предвидени средства – Општина Велес“ износот „100.000.“ се заменува со „50.000“ и во колоната „вкупно“ износот „100.000“ се заменува со „50.000“.

Во ставката со реден бр.4 „Пренесување на моштите на Панко Брашнар“, во колона Предвидени средства – Општина Велес“ износот „100.000.“ се заменува со „50.000“ и во колоната „вкупно“ износот „100.000“ се заменува со „50.000“.

Во ставката со реден бр.5 „Одржување на споменици и спомен обележја и хортикултурно уредување“, во колона Предвидени средства – Општина Велес“ износот „200.000.“ се заменува со „100.000“ и во колоната „вкупно“ износот „200.000“ се заменува со „100.000“.

Во ставката со реден бр.6 „Трошоци за одржување на видео надзор на спомен куќи, Ликовен салон и др. објекти од областа на културата“, во колона Предвидени средства – Општина Велес“ износот „100.000.“ се заменува со „50.000“ и во колоната „вкупно“ износот „100.000“ се заменува со „50.000“.

Во ставката со реден бр.7 „Непредвидени трошоци“, во колона Предвидени средства – Општина Велес“ износот „100.000.“ се заменува со „50.000“ и во колоната „вкупно“ износот „100.000“ се заменува со „50.000“.

Во позицијата Вкупно, во колона „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „1.300.000“ се заменува со „750.000“, во колоната „Други извори“ износот „15.000.000“ се заменува со „0“ и во колоната „вкупно“ износот „16.300.000“ се заменува со„750.000“.

Во позицијата ВКУПНО,глава III ИНВЕСТИЦИИво колоната „вкупно“ износот „16.300.000“ се заменува со„750.000“.

*Поради бришење на втората ставка, останатите ставки редоследно се запишуваат со една пониска позиција.

Во глава IV ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИ УСТАНОВИ

Во ставката со реден бр.3„ Средства за тековно работење на Младински креативен центар“, во колона Предвидени средства – Општина Велес“ износот „1.000.000.“ се заменува со „300.000“ и во колоната „вкупно“ износот „1000.000“ се заменува со „300.000“.

Во ставката со реден бр.4„Поддршка на проекти и проектни активности на локални установи “, во колона Предвидени средства – Општина Велес“ износот „500.000.“ се заменува со „200.000“ и во колоната „вкупно“ износот „500.000“ се заменува со „200.000“.

Во позицијата Вкупно, во колона „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „2.100.000“ се заменува со „1.100.000“ и во колоната „вкупно“ износот „2.100.000“ се заменува со„1.100.000“.

Во позицијата ВКУПНО,глава IV ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИ УСТАНОВИ во колоната „вкупно“ износот„2.100.000“ се заменува со„1.100.000“.

ТРАНСФЕР НА СРЕДСТВА

Во ставката со реден бр.1 „Блок дотации одМинистерство за култура на РМ“ во колона Предвидени средства – Министерство за култура“, износот „0“ се заменува со „9.496.888“ и во колоната „вкупно“ износот „0“се заменува со „9.496.888“.

Во ставката со реден бр.2 „ Приходи од самофинансирање во културата “ во колона „Сопствени приходи“, износот „0“ се заменува со „3.054.800“ и во колоната „вкупно“ износот „0“се заменува со „3.054.800“.

Во позицијата Вкупно, во колона „Предвидени средства – Министерство за култура“износот „0“ се заменува со „9.496.888“,“ во колона „Сопствени приходи“, износот „0“ се заменува со „3.054.800“ и во колоната „вкупно“ износот „0“ се заменува со „12.551.688“.

Во позицијата ВКУПНО VI.ТРАНСФЕР НА СРЕДСТВА, во колоната „вкупно“ износот „0 “ се заменува со „12.551.688“.

Во позицијата СЕВКУПНО Програма за активностите на Општина Велес во областа на културата, во колона „Предвидени средства – Министерство за култура“износот „13.301.688“ се заменува со „9.496.888“,во колона „Сопствени приходи“, износот „0“ се заменува со „3.054.800“, во колона „Предвидени средства – Општина Велес“износот „12.230.000“ се заменува со „8.470.000“, во колона „Др.извори“ износот „15.000.000“ се заменува со „0“ и во колоната „вкупно“ износот „27.980.000,00“ се заменува со „21.021.688“.

1.Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“ а ќе се применува од 01.01.2019година.

Број 25-6344/12
13.12.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

Бр. 350

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување Програмаза изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областана образованието во 2019 година

Се објавува Заклучокот за донесување Програмаза изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2019 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 13.12.2018 година.

Број 08-6358/12
14.12.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл весник на РМ“ бр.5/02) член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18) и член 145 од Деловникот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09, 18/10)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 13.12.2018 година донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програмаза изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2019 година

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2019 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“, а ќе се применува од 01.01.2019 година.

Број 25-6344/13
13.12.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02) член 104 од Законот за средното образование („Сл. весник на РМ“ бр. 44/95...30/16), член 162, став 3 од Законот за основното образование („Сл. весник на РМ“ бр. 103/08...30/16) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10,15/14 и 15/18)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 13.12.2018 година ја донесе следната

ПРОГРАМА
за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2019година

1.Со оваа Програма се вршат следните изменување и дополнувања во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2019 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 19/18), и тоа:

Во глава III –„Инвестиции“, табелата во целост се брише и се заменува со следната:

Ред. бр.	III. ИНВЕСТИЦИИ	РОК	НОСИТЕЛ	МОН	СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ	ОПШТИНА ВЕЛЕС	ДР. ИЗВОРИ И ДОНАЦИИ	ВКУПНО
1	Реконструкција и санирање на училишни објекти, санитарни јазли, кровни конструкции, топловодни системи, набавка на опрема и изготвување техничка и проектна документација,изградба и реконструкција на спортски објекти и терени, партерно уредување на дворно место во основни општински училишта и ученички дом	тековно 2019 год.	Општина Велес, ООУ и ДУД	0	0	3 000 000, 00	0	3 000 000, 00
2	Реконструкција и санирање на училишни објекти, санитарни јазли, кровни конструкции, топловодни системи, набавка на опрема и изготвување техничка и проектна документација изградба и реконструкција на спортски објекти и терени, партерно уредување на дворно место во средни општински училишта	тековно 2019 год.	Спштина Велес и СОУ	0	0	2 000 000, 00	0	2 000 000, 00
			ВКУПНО – III. ИНВЕСТИЦИИ:	0	0	5 000 000.00	0	5 000 000.00

Во глава V – "Трансфер на средства", табелата се брише во целост и се заменува со следната:

Ред. бр.	V. ТРАНСФЕР НА СРЕДСТВА	РОК	НОСИТЕЛ	МОН	СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ	ОПШТИНА ВЕЛЕС	ДР. ИЗВОРИ И ДОНАЦИИ	ВКУПНО
1	Блок дотација во основно образование	тековно 2019 год.	Министерство за образование и наука	217.335.000	0	0	0	217.335.000
2	Блок дотација во средно образование	тековно 2019 год.	Министерство за образование и наука	146.000.000	0	0	0	146.000.000
3	Приходи од самофинансирање во основно образование	тековно 2019 год.	ООУ	0	20.881.000	0	0	20.881.000
4	Приходи од самофинансирање во средно образование	тековно 2019 год.	СОУ	0	26.469.500	0	0	26.469.500
	ВКУПНО – V. ТРАНСФЕР НА СРЕДСТВА:			**363.335.000**	**47.350.500**	**0**	**0**	**410.685.500**

Табелата "Вкупно" се брише во целост и се заменува со:

ВКУПНО: **ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ВО 2018 ГОДИНА**	**363.335.000**	**47.350.500**	**9 010 000,00**	**0**	**419.695.500**

2Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес" а ќе се применува од 01.01.2019година.

Број 25-6344/13
13.12.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров

Бр. 351

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување Програмаза изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2019 година

Се објавува Заклучокот за донесување Програмаза изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2019 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 13.12.2018 година.

Број 08-6358/13
14.12.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл весник на РМ“ бр.5/02) член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06,03/09, 18/10, 15/14 и 15/18) и член 145 од Деловникот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06,03/09, 18/10)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 13.12.2018 година донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програмаза изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2019 година

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програматаза изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2019 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“, а ќе се применува од 01.01.2019 година.

Број 25-6344/14
13.12.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02) член 183, точка 8, алинеа 3 од Законот за заштита на децата („Сл. весник на РМ“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18) и член 45, став 3 од статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14)и член 145 од Деловникот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06,03/09, 18/10)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 13.12.2018 година ја донесе следната

ПРОГРАМА
за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2019 година

Член 1

Со оваа Програма се вршат следните изменувања и дополнувања во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2019 година:

- **Во глава Х. Трансфер на средства**

Воставкасореден број 1 **„Блок-дотации Детска градинка“** во колона „Предвидени средстваМТСП“ износот „0“ се заменувасо „60.730.000,00“ и воколона **„Вкупно“** износот „0“ се заменува со износот „60.730.000,00“.

Во ставка со реден број 2 „**Приходи од самофинансирање - Детска градинка“** во колона **„**Предвидени средства Сопствени приходи“ износот „0“ сезаменува со износот „31.545.000,00“ и воколона „Вкупно“ износот „0“ се заменува со износот „31.545.000,00“.

Во ставка **ВКУПНО Х. ТРАНСФЕР НА СРЕДСТВА** во колона „Вкупно“ износот „0“ се заменува со износот „92.275.000,00“.

Воставка ВКУПНО: ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ВО ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА ЗА 2019 ГОДИНА, во колона „Вкупно“ износот „6.050.000,00“ се заменува со износот „98.325.000,00“.

Член 2

2.Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“ а ќе се применува од 01.01.2019 година.

Број 25-6344/14
13.12.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

Бр. 352

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2019 година

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2019 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 13.12.2018 година.

Број 08-6358/14
14.12.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл весник на РМ“ бр.5/02) член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18) и член 145 од Деловникот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09, 18/10)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 13.12.2018 година донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2019 година

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2019 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“, а ќе се применува од 01.01.2019 година.

Број 25-6344/15
13.12.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/22), член 7, точка 3 од Законот за култура пречистен текст („Сл. весник на РМ“ бр.66/03) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09,18/10, 15/14 и 15/18) и член 145 од Деловникот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09, 18/10)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 13.12.2018 година ја донесе следната

ПРОГРАМА
за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2019 година

Член 1

Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2019 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 19/18), се вршат изменување и дополнување и тоа:

- **В о г л а в а I . С П О Р Т С К И М А Н И Ф Е С Т А Ц И И**

Во ставката со реден број 2 **„Поддршка на турнири во мал и голем фудбал“,** во колона Предвидени средства – Општина Велес износот „300.000“ се заменува со „200.000“ и во колоната „вкупно“ износот „300.000“ се заменува со „200.000“.

Во ставка со реден број 6 **„Меѓународен турнир во борење на Пеливани“** во колона Предвидени средства – Општина Велес износот „200.000“ се заменува со „100.000“ и во колоната „вкупно“ износот „200.000“ се заменува со „100.000“.

Во ставката со реден број 7 **„Поддршка на турнири во кајак“** во колона Предвидени средства – Општина Велес износот „150.000“ се заменува со „100.000“ и во колоната „вкупно“ износот „150.000“ се заменува со „100.000“.

Во ставката со реден број 11 **„Поддршка на велосипедски и мото натпревари“** во колона Предвидени средства – Општина Велес износот „100.000“ се заменува со „50.000“ и во колоната „вкупно“ износот „100.000“ се заменува со „50.000“.

Во ставката со реден број 13 **„Меѓународен Велешки пливачки маратон“,** во колона Предвидени средства – Општина Велес износот „300.000“ се заменува со „200.000“ и во колоната „вкупно“ износот „300.000“ се заменува со „200.000“.

Во ставката со реден број 16 **„Непредвидени спортски манифестации “** во колона Предвидени средства – Општина Велес износот „100.000“ се заменува со „50.000“ и во колоната „вкупно“ износот „100.000“ се заменува со „50.000“.

Во ставка **ВКУПНО I. СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ** во колона Предвидени средства – Општина Велес износот „1.680.000“ се заменува со „1.230.000“ и во колоната „вкупно“ износот „1.680.000“ се заменува со „1.230.000“.

- **Во глава III ПОДДРШКА НА СПОРТОТ ВО ГРАДОТ**

Во ставката со реден број 1 **„ Поддршка на квалитетен спорт - надомест за користење на спортски објекти“,** во колона Предвидени средства – Општина Велес износот „2.500.000“ се заменува со „1.750.000“ и во колоната „вкупно“ износот „2.500.000“ се заменува со „1.750.000“.

Во ставка со реден број 2 **„Поддршка на младински екипи- надомест за користење на спортски објекти“** во колона Предвидени средства – Општина Велес износот „500.000“ се заменува со „350.000“ и во колоната „вкупно“ износот „500.000“ се заменува со „350.000“.

Во ставката со реден број 3 **„Градски одбојкарски клуб „Борец“** во колона Предвидени средства – Општина Велес износот „500.000“ се заменува со „300.000“ и во колоната „вкупно“ износот „500.000“ се заменува со „300.000“.

Во ставката со реден број 4 **„Друштво за спортски дејности Градски ракометен клуб Борец АД Велес“** во колона Предвидени средства – Општина Велес износот „1.500.000“ се заменува со „1.000.000“ и во колоната „вкупно“ износот „1.500.000“ се заменува со „1.000.000“.

Во ставката со реден број 5 **„Кошаркарски клуб Борец Баскет“,** во колона Предвидени средства – Општина Велес износот „100.000“ се заменува со „50.000“ и во колоната „вкупно“ износот „100.000“ се заменува со „50.000“.

Во ставката со реден број 6 **„Поддршка на спортисти за учество на балкански, европски и светски првенства и олимписки игри“** во колона Предвидени средства – Општина Велес износот „100.000“ се заменува со „50.000“ и во колоната „вкупно“ износот „100.000“ се заменува со „50.000“.

Во ставката со реден број 7 **„Поддршка на проекти на ЗГ од областа на спортот“,** во колона Предвидени средства – Општина Велес износот „100.000“ се заменува со „50.000“ и во колоната „вкупно“ износот „100.000“ се заменува со „50.000“.

Во ставката со реден број 8 **„Непредвидени трошоци“** во колона Предвидени средства – Општина Велес износот „100.000“ се заменува со „50.000“ и во колоната „вкупно“ износот „100.000“ се заменува со „50.000“.

Во ставка **ВКУПНО III ПОДДРШКА НА СПОРТОТ ВО ГРАДОТ** во колона Предвидени средства – Општина Велес износот „5.400.000“ се заменува со „3.600.000“ и во колоната „вкупно“ износот „5.400.000“ се заменува со „3.600.000“.

- **Во глава IV ИНВЕСТИЦИИ**

Во ставката со реден број 1 **„Поставување опрема на отворени спортски терени“,** во колона Предвидени средства – Општина Велес износот „150.000“ се заменува со „100.000“ и во колоната „вкупно“ износот „150.000“ се заменува со „100.000“.

Во ставка со реден број 2 **„Набавка на спортска опрема и реквизити “** во колона Предвидени средства – Општина Велес износот „150.000“ се заменува со „100.000“ и во колоната „вкупно“ износот „150.000“ се заменува со „100.000“.

Во ставката со реден број 3 **„Реконструкција на Градски стадион (атлетска патека, трибини и ограден sид)“** во колона Предвидени средства – Општина Велес износот „700.000“ се заменува со „500.000“ и во колоната „вкупно“ износот „700.000“ се заменува со „500.000“.

Во ставката со реден број 4 **„Одржување на фудбалски игралишта-Градски стадион, Превалец, Башино Село и Помошно фудбалско игралиште“** во колона Предвидени средства – Општина Велес износот „800.000“ се заменува со „500.000“ и во колоната „вкупно“ износот „800.000“ се заменува со „500.000“.

Во ставката со реден број 5 **„ Изградба на игралишта во населени места“,** во колона Предвидени средства – Општина Велес износот „500.000“ се заменува со „300.000“ и во колоната „вкупно“ износот „500.000“ се заменува со „300.000“.

Во ставката со реден број 6 **„Изградба на игралишта за мал фудбал и кошарка“** во колона Предвидени средства – Општина Велес износот „500.000“ се заменува со „300.000“ и во колоната „вкупно“ износот „500.000“ се заменува со „300.000“.

Во ставката со реден број 7 **„Реконструкција на игралиште за мал фудбал во населба Тунел и Горно Оризари“,** во колона Предвидени средства – Општина Велес износот „500.000“ се заменува со „300.000“ и во колоната „вкупно“ износот „500.000“ се заменува со „300.000“.

Во ставката со реден број 8 **„Адаптација на училишниот двор во с.Бузалково за спортски манифестации (Пеливани)“** во колона Предвидени средства – Општина Велес износот „200.000“ се заменува со „100.000“ и во колоната „вкупно“ износот „200.000“ се заменува со „100.000“.

Во ставката со реден број 9 **„Реконструкција на сала „Гемиции“**во колона Предвидени средства – Општина Велес износот „1.000.000“ се заменува со „500.000“ и во колоната „вкупно“ износот „1.000.000“ се заменува со „500.000“.

Во ставка **ВКУПНО IV ИНВЕСТИЦИИ** во колона Предвидени средства – Општина Велес износот „5.300.000“ се заменува со „3.500.000“ и во колоната „вкупно“ износот „5.300.000“ се заменува со „3.500.000“.

Во ставка **ВКУПНО ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ВО ОБЛАСТА НА СПОРТОТ ЗА 2019 ГОДИНА** во колона Предвидени средства – Општина Велес износот „13.080.000“ се заменува со „9.030.000“ и во колоната „вкупно“ износот „13.080.000“ се заменува со „9.030.000“.

Член 2

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл. гласник на Општина Велес“, а ќе се применува од 01.01.2019 година.

Број 25-6344/15
13.12.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

Бр. 353

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Велес за 2019 година

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Велес за 2019 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 13.12.2018 година.

Број 08-6358/15
14.12.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл весник на РМ“ бр.5/02) член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18) и член 145 од Деловникот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09, 18/10)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 13.12.2018 година донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Велес за 2019 година

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Велес за 2019 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“, а ќе се применува од 01.01.2019 година.

Број 25-6344/16
13.12.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

Врз основа на член 36 став 1 Закон за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/22), член 99, став 1 од Закон за градежно земјиште („Сл.весник на РМ“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“бр. 12/06, 3/09,18/10,15/14 и 15/18) и член 145 од Деловникот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09, 18/10)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 13.12.2018 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Велес за 2019 година

I Вовед

I.I Општ дел

Со донесување на новиот закон за градежно земјиште („Сл.весник на РМ“ бр.15/15, 98/15 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16), градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, во сопственост на јавните претпријатија, акционерски друштва и други субјекти основани од Владата на Република Македонија и Собранието на Република Македонија и во сопственост на домашни и странски правни и физички лица.

Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски. Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето. Одлука за стекнување на сопственост на градежното земјиште за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје донесува Советот.

Сопственоста на општините им ги овозможува следните права: на градење, користење, пренесување на правото на градење на други лица и отуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште сопственост на Република Македонија управува Владата на Република Македонија.

Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење Владата на Република Македонија може да го пренесе на општините.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се' она што е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за Република Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено и неуредено. Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот во граници на градежната парцела.

Уредено градежно земјиште е земјиште опремено со комунална инфраструктура, додека неуредено е земјиште на кое нема изграедно комунална инфраструктура.

Градежно земјиште е земјиште кое е планирано со урбанистички план, урбанистичка планска документација или проект за инфраструктура.

Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план, урбанистичка планска документација или проект за инфраструктура и може да се состои од една, од дел или од повеќе катастарски парцели или од делови на катастарски парцели.

Објект од траен карактер е објект кој е запишан во јавните книги за запишување на правата на недвижностите.

Времен објект е монтажно-демонтажен или типски објект кој се поставува на градежно неизградено земјиште заради привремена употреба на просторот, до реализација на урбанистички план за градежното земјиште на кое е поставен времениот објект. Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Инфраструктурен објект е објект од одбласта на сообраќајот (копнен, воден и воздушен), подземна или надземна инсталација (вод) и електронски комуникациски мрежи и средства, со сите нивни придружни инсталации.

Прометот со градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на Република Македонија може да се оттуѓи, даде на користење (концесија или јавно приватно партнерство), даде под долготраен и краткотраен закуп, разменува или да се востановат други стварни права.

I.II Просторен опфат и предмет на Програмата

Предмет на Програмата е менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија што се наоѓа на територијата на Општина Велес, дефинирана според територијалната организација на Република Македонија, за време на календарска 2019 година.

За да може да се врши отуѓување, давање под закуп, на градежното земјиште потребно е да се изработи мапа на државното градежно земјиште во општината со сите нумерички податоци за истото.

Важен фактор во оваа постапка е и категоријата урбанистички план, односно урбанистичките планови врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење.

Во текот на годишната Програмата се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на територијата на Општина Велес.

Со оваа програма се опфатени локалитетите во следнава урбанистичка документација:

1. ДУП Локалитет „Тунел 2“ УЕ12 дел од блок 58 и блок 59, одлука 0701-4673/6 од 19.12.2006 година
2. Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ2 блок 1 и блок 2 Езеро Младост одлука бр. 0701-2095/2 од 16.05.2007 година.
3. Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ1 блок 1 Езеро Младост одлука бр. 0701-700/8 од 14.02.2007 година.
4. ДУП дел од МЗ Алексо Демниевски и дел од МЗ Васа Кошулчева Велес одлука бр. 0701-681 од 10.07.2000 година.
5. ДУП: за МЗ 9-ти Ноември, измена и дополнување на одредбите за спроведување на ДУП за МЗ 9-ти Ноември, одлука бр. 08-3225/1 од 30.06.1988, измена бр. 07-487/6 од 12.05.2000
6. ДУП за дел од УЕ 2, УБ 12, Одлука бр. 07-7149/4 од 30.09.2014 година
7. Урбанистички план вон населено место за изградба на комплекс со намена А4-времено сместување-викенд населба- во КО Башино село и КО Новачани, Општина Велес, Одлука бр. 27-4800/6 од 20.08.2015 година
8. Детален урбанистички план за УЕ 1, УБ 3, Велес, Општина Велес, одлука бр. 27-2323/3 од 30.03.2016 година
9. Архитектонско-урбанистички план за стопански комплекс на ГП 1.01 (КП бр. 1516/5 и КП бр. 1537/2), КО Мамутчево, Општина Велес
10. Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс со класа на намена;Г2-Лесна индустрија, Г3-Сервиси и Г4-Стоваришта на локалитет м.в. “Кумсал”, КО Мамутчево, одлука бр.27-2323/4 од 30.03.2016 година
11. Урбанистички план вон населено место Башино Село, м.в. Зад црква, Општина Велес, одлука бр. 07-1099/21 од 03.03.2009 година

I.III Основи за изработка на Програмата

- **Законски основ**

Законски основ на програмата за управување со градежно земјиште се: член 99, став 1 од Закон за градежното земјиште („Сл.весник на РМ“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. Гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 3/09, 18/10, 15/14 и 15/18)

- **Основни плански документи**

Други документи потребни кои се користени за изработка на Програмата се следните стратешки, развојни и плански документи донесени на локално ниво:

- **Студија за економски развој** на Општина Велес за плански период од 2005 до 2020 година.
- **Локален еколошки акционен план** за Општина Велес.
- **Стратегија за одржлив развој** на Општина Велес „Локална агенда 21“.
- **Генерален урбанистички план** на Град Велес за плански период од 2003 до 2018 година.
- **Урбанистички планови за населените места**
- **Програма за изработка на урбанистички планови во 2019 година**
- **Други стратешки документи**

I.IV Лица вклучени во изработка на Програмата

Зоран Мецановски дипл. град. инженер - Раководител на Одделение за урбанизам и заштита на животната средина

Роза Здравева - дипл. инж. архитект - Советник за изготвување на урбанистички планови

Ангела Чичевалиева- дипл.правник- Соработник за организационо-технички работи

Пепи Димков - Соработник за организационо-технички работи

II Цели на Програмата

II.I Општи цели на Програмата

Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината, преку правење просторни услови за развој.

II.II Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети

Заинтересираните граѓани за изградба на сопствени простори за обавување на дејност можат да ја реализираат својата потреба, а со тоа да придонесат за развој на населеното место/локалитет, користење на локалните ресурси, вработување на лица, обезбедување на подобри услови за живеење.

III Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата

III.I Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање

III.II Детален преглед на градежни парцели (по населено место и по урбанистички план)

број на градежна парцела	вкупна површина на градежна парцела	намена на земјиштето (основна класа)	намена на земјиштето (опис)	броеви на катастарски парцели во состав на градежната парцела	површина на градба	бруто развиена површина	процента на изграденост	коефициент на искористеност на земјиштето	максимална дозволена висина	катност	Урбанистички план	Населено место
3.4	3190	А2	станбени згради	КП 7180/4 КО Велес	838	5866	26,3	1,84	21	П+6	.ДУП Локалитет „Касарна“ – опфат 3 УЕ7 блок 42	Велес
4.2	447	А1	Домување во станбени куќи	КП бр. 17895, КО Велес	104	313	23,4	0,70	10,40	П+2	ДУП:Локалитет Тунел-2 УЕ 12, дел од блок 58 и 59	Велес
1.1	10659	Б5	хотели	КП 108/39 КО Башино Село	4779	19115	44,8	1,79	13,60	П+3	Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ2 блок 1 и блок 2 Езеро Младост	Езеро Младост
1.3	6617	Б5	хотели	КП108/38 и 97/1 КО Башино Село	1461	5845	22,10,	0,89	13,60	П+3	Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ2 блок 1 и блок 2 Езеро Младост	Езеро Младост
1.5	2788	А4	мотели-домови	КП 108/41 КО Башино Село	802	2407	28,80	0,86	11,40	П+2	Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ2 блок 1 и блок 2 Езеро Младост	Езеро Младост
1.4	1497	Б1	трговија	КП108/1, КП108/17, КП97 КО Башино Село	392	1177	26,50	0,79	7,20	П+1	Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ2 блок 1 и блок 2 Езеро Младост	Езеро Младост
2.27	2356	Б1	дневно снабдување	КП 125/2 КО Башино Село	1100	2200	45,80	0,92	7,20	П+1	Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ2 блок 1 и блок 2 Езеро Младост	Езеро Младост
2.28	2214	Б1	дневно снабдување	КП 126/7 КО Башино Село							Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено	Езеро

2.24	13700	А4	камп со шатори	КП 126/4 КО Башино Село	8447	8447	61,70	0,72			Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ2 блок 1 и блок 2 Езеро Младост	Езеро Младост
2.23	7623	А4	камп со шатори	КП 108/49 КО Башино Село	4714	4714	61,50	0,62			Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ2 блок 1 и блок 2 Езеро Младост	Езеро Младост
2.25	4737	А4	камп со шатори	КП 125/5 КО Башино Село	2041	2041	43.1	0,43			Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ2 блок 1 и блок 2 Езеро Младост	Езеро Младост
8	367	А1	станбена куќа	КП 1570/5 КО Велес	116		40	1,20	9		ДУП дел од МЗ Алексо Демниевски и дел од МЗ Васа Кошулчева Велес	Велес
	429	А1	станбена куќа	КП 6213/2, 6210/2, КО Велес						ВП+1	ДУП: за МЗ 9-ти Ноември, измена и дополнување на одредбите за спроведување на ДУП за МЗ 9-ти Ноември	
40	7855	Г2	Лесна индустрија	КП 15900, КО Велес и КП 16827, КО Велес	4521	9042			Во зависност од технолошкиот процес	П+1	ДУП за дел од УЕ 2, УБ 12	
1.01	832	А4	Времено сместување	КП 20/1, КП 788/1, КП 18/23, КО Башино село-вон г.р., КП 493/9, КП 821, КО Новачани	229,86	459,72			7	П+1	Урбанистички план вон населено место за изградба на комплекс со намена А4-времено сместување-викенд населба- во КО Башино село и КО Новачани	Езеро Младост
1.12	687	А4	Времено сместување	КП 20/1, КП 788/1, КП 18/23, КО Башино село-вон г.р., КП 493/9, КП 821, КО Новачани	202,50	405			7	П+1	Урбанистички план вон населено место за изградба на комплекс со намена А4-времено сместување-викенд населба- во КО Башино село и КО Новачани	Езеро Младост
